РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
MINISTRIA E ENERGJETIKËS, XEHETARISË DHE E LËNDËVE TË PARA MINERALE
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА - BYROJA PËR METROLOGJI
Бр.-Nr. 0302-1634/1
26.05.2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА - DREJTORIA E DOGANAVE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 21-05-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. Organ. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 29- | 03490 | 2/25- | 0001 |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 02-2349/1

Датум: 20-05-2025. 2025 година

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, помеѓу:

1. **Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**, со седиште на ул. „Македонија“ бр.27 во Скопје, застапувано од Министерката за енергетика, рударство и минерални суровини **Сања Божиновска** (како прва страна) и;
2. **Министерството за финансии – Царинска управа**, со седиште на ул. „Лазар Личеновски“ бр.13 Скопје, застапувано од Директорот **Бобан Николовски** (како втора страна);
3. **Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини-Биро за метрологија**, со седиште на бул. „Јане Сандански“ бр.109а во Скопје, застапувано од Директор Седад Рушани (како трета страна);

во понатамошниот текст: Страните.

## Член 1

Овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст: Меморандум) се склучува, согласно Заклучокот од седумдесет и прва седница на Влада на Република Северна Македонија одржана на 29 април 2025 година по однос на Информација за потребата од намалување на застој при премин на границата со камиони (зголемен проток на увозен јаглен), за потребите на Подружница РЕК Битола – Новаци.

## Член 2

Со овој меморандум се уредува начинот на спроведување итна постапка за јавна набавка на колска монтажно демонтажна вага заедно со целокупните инсталации, за потребите на граничен премин Меѓитлија од страна на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини-Биро за метрологија.

RAMADAN IDRIZI

## Член 3

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини го задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини – Биро за метрологија, а согласно утврдената потреба наведена во член 1 од овој меморандум да спроведе постапка за набавка за колска вага која ќе се користи со мерен опсег не помал од 50 тони во соодветна класа која ќе биде поставена на граничен премин Меџитлија на место и простор кој ќе биде определен од Министерството за финансии – Царинска управа.

Вагата од став 1 од овој член, ќе биде согласно Законот за метрологија и прописите донесени врз основа на истиот.

## Член 4

Министерството за финансии – Царинска управа се обврзува да му ги овозможи на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини-Биро за метрологија пристап до сите потребни информации и податоци, како и сите потребни инсталации (струја, вода, пристап, локациски услови и сл.), а што е во функција на правилна инсталација на вагата од член 1 на овој меморандум.

## Член 5

По набавката, инсталацијата и првата верификација на вагата од член 1 на овој меморандум како движна ствар ќе биде ставена на располагање на Министерството за финансии – Царинска управа која ќе биде оператор на истата, на начин и под услови утврдени со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

До моментот на утврдување на понатамошниот статус, вагата од член 1 на овој меморандум е сопственост на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини-Биро за метрологија.

## Член 6

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини-Биро за метрологија еднаш месечно треба да ги известува во писмена форма или по е-пошта, другите страни на овој меморандум за текот на превземање на активностите и постапката за итна јавна набавка на вагата од член 1 на овој меморнадум.

## Член 7

Во рок од 5 (пет) дена од денот на потпишувањето на Меморандумот, Договорните страни ќе разменат информации на лица за контакт, со податоци за нивното работно место, службен телефонски број и е-пошта.

## Член 8

Овој Меморандум стапува во сила на денот на неговото потпишување и ќе се применува се до завршување утврдените активности.

Измените и дополнувањата на овој Меморандум се вршат во писмена форма, со потпишување на Анекс на Меморандумот.

## Член 9

Страните се обврзуваат сите несогласувања кои ќе произлезат од овој Меморандум да ги решаваат преку меѓусебни консултации и усогласување на ставовите.

## Член 10

Овој Меморандум е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја Договорна страна.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
**Министер,**
**Сања Божиновска**

------------------------

ЦАРИНСКА УПРАВА

**Директор,**
**Бобан Николовски**

------------------------

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ-БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА

**Директор,**
**Седад Решани**

------------------------